# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.47 од 08.04.2011 година**

**Член 1**

Во Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија" број 161/2009 и 17/11), по членот 44 се додаваат два нови члена 44-а и 44-б, кои гласаат:

**„Член 44-а**

**Постапување по пријава од физичко или правно лице**

(1) Државниот инспектор за животна средина, овластените инспектори за животна средина на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје и комуналните инспектори на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје се должни во рок од седум дена да постапат по иницијатива или пријава за поведување на инспекциска постапка.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член државниот инспектор за животна средина, овластените инспектори за животна средина на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје и комуналните инспектори на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје се должни да го известат подносителот на иницијативата или пријавата за поведување на инспекциска постапка во рок од седум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

**Член 44-б**

**Права и обврски за отстранување на неправилности**

(1) Државниот инспектор за животна средина и овластените инспектори за животна средина на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје и комуналните инспектори на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје, во согласност со овој закон , заради отстранување на утврдените неправилности, имаат право и обврска на субјектот на надзорот:

1) да му укажат на утврдените неправилности и да определат рок за нивно отстранување;

2) да му наредат да преземе соодветни мерки и активности во рок кој ќе го определат;

3) привремено да му забранат вршење на дејност, професија или должност;

4) да му поднесе барање за поведување на прекршочна постапка и 5) да му поднесе кривична пријава или да поведе друга соодветна постапка.

(2) Заради отстранување на утврдените недостатоци државниот инспектор за животна средина, овластените инспектори за животна средина на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје и комуналните инспектори на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје можат да вршат и други овластувања и одговорности во согласност со закон."

**Член 2**

Во членот 47 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Жалба против решението на државниот инспектор за животна средина, може да се изјави во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за одлучување по жалба формирана согласно со Законот за животната средина."

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

**Член 3**

Во членот 49 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
"(2) Жалба против решението на овластениот инспектор за животна средина на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје и комуналните инспектори на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје може да се изјави во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за одлучување по жалба на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје формирана од страна на градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје формирана согласно со Законот за животната средина."

**Член 4**

Во членот 51 ставот (2) се менува и гласи:
„Жалба против решението на државниот пазарен инспектор може да се изјави во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за одлучување по жалба формирана согласно со Законот за Државен пазарен инспекторат."

**Член 5**

Во членот 52 по зборовите: „Закон за управување со отпад" се става запирка и се додаваат зборовите: „Законот за инспекцискиот надзор".

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за инспекцискиот надзор.